- Паркирање во парцела 25 пм
- Паркирање надвор од парцела 25 пм

Нумерички податоци со корегирани површини

број на парцела	Намена на парцела	има нема изграде но објект	мах. висина	површина на парцела (м2)	п (м2) градба	бруто п(м2) развиена	процент на изграденост	коефициент на искористеност	паркирање во парцела	паркирање надвор од парцела
МОДУЛ 1										
1	ПЕЧАТНИЦА	има	Нмах=7.0м	1730	484.13	968.26	27.98%	0.6	8	/
2	ПРОИЗВОДЕН ПОГОН			4317.9						
	котлара	има	Нмах=7.0м		1050.7	2101.4	48.34%	1.0	15	20
	нов погон	нема	Нмах=9.5м		1036.7	2073.4				
3	ПРОИЗВОДЕН ПОГОН			5894.9						
	управна зграда	има	Нмах=9.5м		265.8	797.4	45.17%	0.5	10	16
	стар производен погон	има	Нмах=9.5м		2396.9	2396.9				
4	УГОСТИТЕЛСКИ ОБЈЕКТ	има	Нмах=7.0м	613.7	355.81	1067.43	57.98%	1.7	/	10
5	ПРОИЗВОДЕН ПОГОН	има	Нмах=7.0м	816.1	569.49	1138.98	69.78%	1.4	2	5
6	ПРОИЗВОДЕН ПОГОН			5607.36						
	фарбара	има	Нмах=9.5м		3113.7	6227.36	55.53%	1.1	10	30
7	ПРОИЗВОДЕН ПОГОН			2730						
	производен погон	има	Нмах=9.5м		1786.8	3573.5	71.20%	1.4	10	14
	стара управна зграда	има	Нмах=7.0м		157.04	314.08				
8	ПРОИЗВОДЕН ПОГОН	има	Нмах=9.5м	2528.9	1864.8	3729.6	73.74%	1.5	5	25
9	ПРОИЗВОДЕН ПОГОН	нема	Нмах=9.5м	1649.68	853	2559	51.71%	1.6	10	10
10	ПРОИЗВОДЕН ПОГОН	нема	Нмах=9.5м	599	248	744	41.40%	1.2	3	3
11	ПРОИЗВОДЕН ПОГОН			10119.7						
	портирница	има	Нмах=3.5м		18.8	18.8	64.89%	1.3	25	25
	нова хала	нема	Нмах=9.5м		920.9	1841.8				
	нова хала	нема	Нмах=9.5м		5627	11254				
12	ПРОИЗВОДЕН ПОГОН	нема	Нмах=9.5м	3666.55	1502.1	3004.14	40.97%	0.8	20	4
13	ПРОИЗВОДЕН ПОГОН	нема	Нмах=9.5м	2745.08	1102.5	2205	40.16%	0.8	14	4
МОДУЛ 2										
14	ПРОИЗВОДЕН ПОГОН			16992.64						
	управна зграда	има	Нмах=9.5м		940	1880	32.48%	0.6	21	40
	производен погон	има	Нмах=9.5м		3302	6604				
	производен погон	има	Нмах=9.5м		1195	2390				
	портирница	има	Нмах=3.5м		82	82				
15	ФАБРИКА ЗА ЧЕВЛИ			17317.37						
	управна зграда	има	Нмах=7.0м		376.38	752.76	30.70%	0.6	30	30
	производен погон и магацин	има	Нмах=9.5м		4771.9	9543.88				
	котлара	има	Нмах=7.0м		156	312				
	портирница	има	Нмах=3.5м		11.4	11.4				
16	ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА	има	Нмах=9.0м	5368	1270	2540	23.66%	0.5	5	5
17	ПРОИЗВОДЕН ПОГОН	нема	Нмах=9.0м	3679	1451	2902	39.44%	0.8	15	10
18	ПРОИЗВОДЕН ПОГОН	нема	Нмах=9.0м	3779	1694	3388	44.83%	0.9	18	10
19	ПРОИЗВОДЕН ПОГОН	има	Нмах=9.0м	5949	1816	3632	30.53%	0.6	20	10
20	ПРОИЗВОДЕН ПОГОН	има	Нмах=9.0м	8742	4474	8948	51.18%	1.0	35	15
21	ПРОИЗВОДЕН ПОГОН	има	Нмах=9.0м	3048	1418	2836	46.52%	0.9	12	10
22	ПРОИЗВОДЕН ПОГОН	има	Нмах=9.0м	2445	1248	2496	51.04%	1.0	10	15

МЕТОДОЛОГИЈА

- Техничката грешка е составен дел на урбанистичкиот план кој се применува во форма на пречистена верзија на планот односно како основниот план во кој е вградена

техничката исправка, за која што важат истите одредби за предавање , објавување, презентирање, преклопување, применување и чување на урбанистички планови

КОМИСИЈА ЗА УРБАНИЗАМ:
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА КОМИСИЈА:
Драгана ШТЕРЈОВА, диа

ЧЛЕНОВИ:
Борислава МИШЕВА, диа

Викторија АТАНАСОВА, диа

Лидија ГЛИГОРОВА ЈАНКОВА, диа

Љубица МИЦЕВСКА, диа

ПЛАНИРАН РАЗВОЈ

Воведен дел

Просторот кој е тема на разработка на овие Измени и дополнувања на дел од ДУП на индустриската зона означена како 2, се наоѓа во продолжение на поранешната фабрика "Селена", на просторот на поранешна фабрика "Метална", ф-ка "Алумина", ф-ка "Баргала", просторот на поранешен "Стококооп" заклучно со постојната конфекција "Зен".

Просторот кој е тема на разработката во овие измени и дополнувања на ДУП се наоѓа во најстарата индустриска зона. Овој простор претставува дел од урбан блок бр. 52и 53 и е со површина од 15,00 ха. Влезно-излезниот булевар "Гоце Делчев" ја тангира оваа зона од југозападната страна и претставува добра сообраќајна врска за сите објекти на овој дел од градот.

Овие измени и дополнувања се иницирани од новите сопственици на постојните индустриски капацитети на поранешниот МЗТ "Тито", "Стококооп". Старите големи урбанистички парцели сега се препарцелираат на повеќе помали парцели према новите сопствености. Парцелата на АД "Алумина" и АД "Баргала" си остануваат исти, а се добиваат нови зони за градба према новонараснатите потреби.

Анализата на постојната состојба со излегување на лице место и запознавање со фактичката состојба, идниот развој на сопствениците на објектите, потоа определбите од ГУП за иден развиток се база за создавање на урбаниот концепт и опфатот на планот.

Најголем процент во овој земјишен опфат имаат површините за доработка на метални производи од металната и алуминиумската индустрија, чевларската индустрија, конфекционирањето на облека.

Наследениот фонд на објекти, конфигурацијата на теренот и максималното почитување на сопственоста се битни предуслови за изработка на Измените и дополнувањето на овој ДУП. Истите, заедно со урбанистичките стандарди и нормативи во планирањето на просторот , како и Генералниот урбанистички план, во голем дел ја насочуваат концепцијата на разработката. Во услови на економска стабилизација, кога е присутно сознанието дека економската моќ на државата не може да поднесе радикални зафати, секаде таму каде тие не се неопходни и каде постои друг начин на решавање на проблемите, истите треба да се третираат пореално и поостварливо.

Деталниот урбанистички план, секаде каде тоа е можно предвидува ревитализација на постојните објекти, но да се води сметка на рационалноста во користење на просторот во границите на прифатените оптимални урбанистички параметри.

Процентот на изграденост на новопредвидените и на постојните објекти не е поголем од 70% (за објекти за индустриско производство, јавни објекти-администрација, и сл.)

Во наредната табела се анализирани сите парцели поединачно со основните карактеристики како што се површина на парцела, површина за градба, бруто развиена површина, процент на изграденост, коефициент на искористување, максимална висина (кота од тротоар до венецот на објектот), простор потребен за паркирање на возила.

број на пар.	Намена на парцела	има нема изграде но објект	мах. висина	површина на парцела (м2)	п (м2) градба	бруто п(м2) развиена	процент на изграденост %	коеф. на искористеност	паркирање во парцела	паркирање надвор од парцела
				МОДУЛ 1 (ПОРАНЕШНА "МЕТАЛНА")						
1	ПЕЧАТНИЦА	има	Нмах=7.0м	1624	480.60	961.20	30	0.6	8	/
2	ПРОИЗВОДЕН ПОГОН			4262						
	- котлара	има	Нмах=7.0м		1053.50	2107.00	50	1.0	15	20
	- нов погон	нема	Нмах=9.5м		1036.70	2073.4				
3	ПРОИЗВОДЕН ПОГОН			5892						
	- управна зграда	има	Нмах=9.5м		271.20	813.60	45	0.5	10	16
	- стар производен погон	има	Нмах=9.5м		2392.00	2392.00				
4	УГОСТИТЕЛСКИ ОБЈЕКТ	има	Нмах=7.0м	609	358.30	1172.00	59	1.9	/	10
5	ПРОИЗВОДЕН ПОГОН	има	Нмах=7.0м	803	444	888	55	1.1	2	5
6	ПРОИЗВОДЕН ПОГОН			5620						
	- фарбара	има	Нмах=9.5м		3113..70	6263.40	55	1.1	10	30
7	ПРОИЗВОДЕН ПОГОН			2721						
	- производен погон	има	Нмах=9.5м		1720	3440	70	1.3	10	14
	- стара управна зграда	има	Нмах=7.0м		160	320				
8	ПРОИЗВОДЕН ПОГОН	има	Нмах=9.5м	2 538	1810	3620	70	1.4	5	25
9	ПРОИЗВОДЕН ПОГОН	нема	Нмах=9.5м	1592	853	2559	54	1.6	10	10
10	ПРОИЗВОДЕН ПОГОН	нема	Нмах=9.5м	600	247	741	41	1.2	3	3
11	ПРОИЗВОДЕН ПОГОН	има		9735						
	- портирница	има	Нмах=3.5м		16	16	65	1.3	5	5
	- нова хала	нема	Нмах=9.5м		916	1832				
	- нова хала	нема	Нмах=9.5м		5630	11260	58	1.2	20	20
12	ПРОИЗВОДЕН ПОГОН	нема	Нмах=9.5м	3343	1486	2972	44	0.9	20	4
13	ПРОИЗВОДЕН ПОГОН	нема	Нмах=9.5м	2740	1102	2204	40	0.8	14	4
				МОДУЛ 2						
14	ПРОИЗВОДЕН ПОГОН			12 933						
	- управна зграда	има	Нмах=9.5м		940	1880	37	0.7	21	40
	- производен погон	има	Нмах=9.5м		3295	6590				
	- производен погон	има	Нмах=9.5м		1995	3990				
	- портирница	има	Нмах=3.5м		85	85				
15	Ф-КА ЗА ЧЕВЛИ			17 285						
	- управна зграда	има	Нмах=7.0м		380	760				
	- производен погон	има	Нмах=9.5м		4090	8180				
	- магацин	има	Нмах=9.5м		685	1370	31	0.7	30	30
	- котлара	има	Нмах=6.5м		156	312				
	- портирница	има	Нмах=3.5м		12	12				
16	ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА	има	Нмах=9.0м	5390	1275	2550	35	0.5	5	5
17	ПРОИЗВОДЕН ПОГОН	нема	Нмах=9.0м	3687	1450	2900	40	0.9	15	10
18	ПРОИЗВОДЕН ПОГОН	нема	Нмах=9.0м	3780	1695	3390	45	0.9	18	10
19	ПРОИЗВОДЕН ПОГОН	има	Нмах=9.0м	5950	1800	3600	30	0.6	20	10
20	ПРОИЗВОДЕН ПОГОН	има	Нмах=9.0м	8780	4590	9180	56	1.0	35.	15
21	ПРОИЗВОДЕН ПОГОН	има	Нмах=9.0м	3048	1570	3140	52	1.0	12	10
22	ПРОИЗВОДЕН ПОГОН	има	Нмах=9.0м	2445	1237	3092	51	1.3	10	15

ПОВРШИНИ ВО ОПФАТОТ	МОДУЛ 1 П(м2)	%	МОДУЛ 2 П(м2)	%	ВКУПНО П(м2)	%
ПОВРШИНА НА ПАРЦЕЛИТЕ	42 280	70	62 960	70	105 240	70
ПОВРШ. НА СООБРАЌАЈНИЦИ И ПАРКИН.	16 820	28	18 540	21	35 360	24
ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО	900	2	8 500	9	9 400	6
ВКУПНО П(м2) НА ОПФАТ	**60 000.00**	**100**	**90 000.00**	**100**	**150 000.00**	**100**

Граница на опфат на урбано подрачје

Просторот кој е предмет на разработка опфаќа површина од 15.00ха и претставува изградена површина со индустриски капацитети.

Границите на опфатот се движат по :

- од југоисток започнува со границата на поранешната ф-ка "Селена" и заштитен зелен појас покрај ул. "Брегалничка" до североисток;
- од југ и југозапад граничи по осовината на Бул. "Гоце Делчев";
- од север по преминот помеѓу конфекција "Зен" и бензинската помпа на "Вагопетрол".

Намена на површини

Површината на опфатот на овој план во рамките на усвоениот ГУП претставува работна зона.

Со предложениот ДУП во границата на опфатот површината е наменета за :

- Простор наменет за индустриско производсво-металопреработувачка индустрија;
- Простор наменет за индустриско производсво - лесна индустрија (конфекционирање на облека);
- Новопредвидени парцели за производни погони за потребите на малото стопанство;
- Простор наменет за јавни функции - административни објекти за потребите на постојните индустриските капацитети,
- Простор наменет за технолошки објект - 110 кВ трафостаница;
- Простор наменет за комерцијални објекти - угостителство;
- Простор наменет за сообраќајници и паркинзи
- Простор наменет за заштитно зеленило

МОДУЛ 1 - Простор наменет за индустриско производсво

Во модул 1 површината на опфатот изнесува 6.0 ха и ја опфаќа површината на поранешна ф-ка "Метална" која сега е препарцелисана во 15 парцели. Тука најголем простор завзема просторот на МЗК "Метална-Андонов" како најголем сопственик на неколку урбанистички парцели (у.п. бр. 2, 3, 6,) потоа новопредвидените парцели, парцелата на "Биротехника", "Бетон" итн.

Заедничката граница на поранешната ф-ка "Метална" си останува, а внатре просторот се разделува према новите сопствености. На заедничко користење остануваат внатрешните сообраќајници.

Коефициентот на искористеност на сите стари и нови парцели е под максимално дозволениот (3,0), исто така и процентот на изграденост е под максимално дозволениот (70%).

Вкупната површина на парцелите во модул 1 изнесува 4.23 ха или 70%, површината под сообраќајници и паркинзи изнесува 1.7ха или 28%, мал процент останува за заштитно зеленило-0.09 ха или 2.0%.

МОДУЛ 2 - Простор наменет за индустриско производсво

Површината на модул 2 изнесува 9,0 ха. Во негов опфат се ф-ка "Агроалумина", ф-ка за чевли "Баргала", сегашна 35 кV трафостаница која ќе премине во 110 кV трафостаница, "Грдовјанка"- чија основна дејност е транспортни услуги со тешки возила, претпријатие "Активa", "Чинчила", конфекција "ЗЕН" и две новопредвидени парцели.

Во планираниот развој на овие намени се работи за флексибилно третирање на намените, а реализацијата ќе биде според современите потреби и според барањата на пазарот и потребите на корисниците. Можно е групирање на содржините во еден објект односно се според потребите и желбите на инвеститорите а согласно Правилникот за планирање на просторот и правилникот за проектирање на објекти сл. в. на РМ бр: (02/02 и 50/03).

Максималната дозволена висина на структурите за производство изнесува до 9.50 метри, мерено од теренот односно заштитниот тротоар до котата на венецот.

Вкупната површина на парцелите во модул 2 изнесува 6.3 ха или 70%, површината под сообраќајници и паркинзи изнесува 1.85 ха или 21%, мал процент останува за заштитно зеленило - 0.85 ха или 9.0%.

План на зелени површини

Во рамките на опфатот предвидено е зеленило. Најголем процент на зеленило е предвидено како заштитно зеленило околу индустриските парцели, а исто така се јавува и внатре во парцелите како парковско зеленило. Вкупниот процент на зеленило на ниво на опфатот е 6%.

Висински план

Висината на објектите во комплексот ќе се движат различно во зависност од намените на објектите кои се детално дадени погоре во текстот. Истата се движи од 3,5 м до максимум 9.5 м. и претставува висината од котата на тротоар која се зема за нулта точка, па се до завршниот венец на објектот.

План на површините за градба

Површините за градба се дефинирани согласно Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот и Правилникот за стандарди и нормативи за проектирање на објекти (Сл. в. на РМ бр. 02/02 и 50/03) и се дефинирани согласно поставени регулациони и градежни линии.

Регулационата линија го разграничува земјиштето на урбаниот блок за одредена намена, односно подрачјето за градење (градежна парцела) од земјиштето наменето за сообраќајници и други јавни површини.

Во целиот зафат за регулациона линија е земена внатрешната линија на тротоарот.

Растојанието меѓу две регулациони линии го определува профилот на сообраќајницата, со минимална димензија на коловозот од 6.0 м во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на јавни патишта.

Градежната линија е линија до која може да се гради објектот , или таа го означува растојанието од регулационата линија, односно од границата на парцелата, истата ќе биде подетално третирана со детален урбанистички план или урбанистички проект.

Урбанистичко архитектонски услови за градба

Планот предвидува урбанизација со почитување на сите законски определби и нормативи.

Процентот на изграденост на парцелите како и коефициентот на искористување на земјиштето поставени се во зависност од намената на објектите, а се во рамките на дозволените параметри според Правилникот.

Максималните габарити на архитектонските елементи треба да се движат внатре во веќе опишаните граници. Истите ќе бидат утврдени со изработката на идејните решенија на објектите.

Архитектонска обработка на фасадите на објектите, крововите и друго ќе биде со примена на нови градежни материјали и примена на нови технологии на градење. Покривањето треба да биде со коси кровови со оглед на големите температурни разлики на поднебјето, со мах. нагиб од 1:3.

Пристапот до објектите и до заедничките содржини ќе биде решен со пешачки пристапни патеки и со колски приоди за моторни и товарни возила, во зависност од намената на објектот.

Паркирањето за вработените и за посетителите е решено со паркинг простор пред влезовите во кругот на индустриските парцели. а делумно и внатре покрај објектите каде тоа го дозволува просторот.

Плански решенија за отстранување и спречување на архитектонски бариери за инвалидизирани лица

Со цел да се спречат архитектонските бариери при движење на инвадилизирани лица се предвидува тротоарите непосредно пред раскрсниците да се изведат со благи рампи кон коловозот. Исто така пред секој влез во објектите потребно е да се постави рампа за движење на инвадилизирани лица посебно пред јавните објекти и производните погони.

Сообраќајно решение

Во однос на сообраќајното решение - пристап до овие индустриски комплекси, ништо посебно не се менува, тие имаат добар пристап од булеварот "Гоце Делчев" и делумно изведени паркинг простори пред влезовите. Корекцијата од сообраќаен аспект во новото урбанистичко решение е направено со предвидување на две нови сообраќајници до новите парцели: урб. парцела бр.14 и урб. парц. бр.15 кои се наоѓаат во модул 1; и до урб. парцела бр.17 и урб. парц. бр.18 кои се наоѓаат во модул 2.

Ширината на новите сообраќајници е 6.0 метри со 2x1.5 м тротоар. Профилите на сите сообраќајници дадени се во графичките прилози и се изработени спрема стандардите и нормативите за планирање на јавните патишта.

Комплетната сообраќајна сигнализација на уличната мрежа и паркинзите како вертикална и хоризонтална треба да се изведе согласно прописите од областа на сообраќајот.

Радиусите на кривините и техничките елементи на мрежата кон и од локалитетот потребно е да овозможуваат брзини на движење според Правилникот.

Проектирана состојба за водоснабдување и евакуација на отпадни води

Снабдувањето на постоечките објекти со вода се врши од постојниот градски водовод. Постоечката водоводна мрежа е постара од 30 години и истата не ги задоволува потребните стандарди. Поради тоа потребно е реконструкција и замена на постоечката инфраструктура со нова која ќе ги задоволи наведените параметри.

Водовод

Водоводната линија изведена од десната страна на излез кон Скопје на бул."Гоце Делчев" планирано е да се реконструира, по траса блиску до постоечката линија со истовремено приклучување на објектите кои овој момент се приклучени на старата линија, со профил Ф250. Од урбанистички аспект секако е важно посебно да се разгледа предложена траса за т.н. линија 2 која овој момент е изведена само под патот за излез кон Скопје. Исто така планирана е изведба на нова линија со профил Ф100 на која би се приклучиле плацевите со број 19 и 20, а може да се приклучат и доградбите на локациите бр.18 и 21.По улицита "Гоце Делчев"- крак планирана е нова линија на која би се приклучиле дел од постоечките објекти како АД"Агроалумина", конфекцијата "Беас", фабриката за чевли "Баргала" и новопредведените објекти. Изградбата на оваа линија е наметната пред се од причина што дел од постоечката линија со профил Ф100 АЦ е под постоечките објекти и поради материјалот од кој е изведена. Во графичките прилози прикажани се и новопредвидените линии низ самите локации. Точната локација на сите новопредвидени линии треба да се утврди со главните проекти.

Канализација

Дел од постоечката канализација планирано е да се вклопи во системот за одвод на отпадни води, но дел од истата треба да се реконстуира од различни причини. Поради изградба на нов објект неопходно потребно е изградба на нова канализациона линија по улица "Гоце Делчев"- крак на која би се приклучиле АД"Агроалумина" и новите објекти (9 и 11). Сите постоечки и ново предвидени објекти на просторот меѓу ул. "Гоце Делчев"- крак, булеварот и железничката линија планирано е да се уклучат во новиот секундарниот

колектор (види графички прилози). Дел од овој секундарен колектор е изграден (до фабриката за чевли "Баргала"). За новопредвидените објекти на просторот меѓу булеварот, поранешната "Селена", ул. "Гоце Делчев"- крак и долот планирани се нови канализациони линии како е тоа прикажано на на подлогите. Точната локација на сите новопредвидени линии треба да се утврди со главните проекти.

Планирана ел.енергетска инсталација, улично осветлување и телефонска инсталација

Енергетска инфраструктура

Со новопланираната парцелација на Индустриската зона-2, ќе доведе до зголемување на бројот на индустриски објекти за производство, трговија, услужни дејности, а со тоа и до зголемена потрошувачка на ел.енергија. Трендот на пораст на потрошувачката на ел.енергија продолжува, па затоа се планира изградба на нови ТС 10/0,4kV према потребата. Со ова ќе се обезбеди поквалитетна електрична енергија и посигурно напојување.

Со изработката на ДУП на Индустриската зона-2 прикажана е постојната ТС 35/10kV Индустриска; постојните ТС 10/0,4kV; постојните 35kV и 10kV врски, изработени се ел.пресметки за потребниот број на ТС, дадено е идејно решение за нови ТС со нивни локациии и кабловско поврзување на истите.

Со ГУП на град Штип е предвидено сегашната ТС 110/35/10kV Штип 1 да премине во ТС 400/110kV за поврзување со електроенергетскиот систем на Р.Бугарија, а сегашната ТС 35/10kV Индустриска да премине во ТС 110/35/10kV Штип.

За таа цел е предвидено постојниот надземен 35kV ДВ да се дислоцира и каблира со 35kV кабел по трасата со новопредвидениот надземен 110kV далековод према прописите. Затоа во новиот ДУП е предвидено заштитно зеленило по целата должина на коридорот каде ќе поминува новиот 110kV далековод.

Електричните пресметки за одредување на потребниот број на ТС во ДУП за постојните и новопредвидените индустриски објекти се димензионирани према електроенергетските параметри за едновремена снага.

За индустриските објекти во урбаниот модул бр.1 едновремената снага се пресметува према нето површината 19042,04м^2 и параметарот 0,1kW/м^2.

$$П_e = 19042,04 \times 0,1 = 1904,20kW$$

Према тоа објектите ќе се напојуваат од постојната ТС 10/0,4kV Метална со трансформатори со снага од 2x630 kVA, а се предвидува и нова ТС-1 со идејно решение за локација. Во зависност од намената и потребите на новите објекти можна е изградба и на други ТС во сопственост на инвеститорите.

За индустриските објекти во урбаниот модул бр.2 едновремената снага се пресметува према нето површината 27012м^2 и параметарот 0,1kW/м^2.

$П_{е}$ = 27012 x 0,1 = 2701.2kW

Према тоа објектите ќе се напојуваат од постојната ТС 10/0,4kV Баргала; ТС 10/0,4kV Алумина-1; ТС 10/0,4kV Алумина-2; СТС 10/0,4kV Стококооп; ТС 10/0,4kV Зен со трансформатори со снага од 630 kVA, а се предвидува и нова ТС-2 со идејно решение за локација. Во зависност од намената и потребите на новите објекти можна е изградба и на други ТС во сопственост на инвеститорите.

Високонапонското поврзување на постојните ТС и на идејното решение за новите ТС-1и 2 ќе биде со подземен енергетски 10kV кабел поврзани меѓусебно во ринг за сигурно напојување. Сигурноста односно континуитетот во напојувањето е еден од елементите на квалитетното напојување на потрошувачите со ел. енергија. Пресекот на 10kV кабел и точната траса на полагање ќе се одреди со изработка на Главниот проект за енергетско напојување, нисконапонската развод и улично осветление на ДУП.

Нисконапонскиот развод ќе се води кабловски и надземно на бетонски столбови во зависност од потребната ел.енергија на објектите и теренот.

Улично осветление

Сообраќајници во локалитетот по поглед на светлотехничките параметри се класифицираат во следните класи:

- класа "1" главни сообраќајници
- класа "2" споредни, локални
- класа "3" паркинг простори

За улично осветление ќе се користат светилки поставени на улични столбови према пропишаните прописи и светлотехнички барања за тој вид на сообраќајници. Распоредот на уличните столбови и нивното поврзување ќе се одреди со горенаведениот Главен проект.

Комуникациска инфраструктура

Телефонскиот сообраќај во наредниот период ќе доведе до пораст со изградбата на нови индустриски објекти. Со планот за развој на претпријатието и воведувањето на новите ИСДН линии, АДСЛ, мобилна телефонија ке се овозможи побрза комуникација и пристап до информациите..

Телефонската мрежа за поврзување на тел. приклучоци со тел.централи ќе се изврши во подземна тел. канализација и надземно према потребите, теренот и програмата на надлежното претпријатие за телефонскиот сообраќај.

За дефинирање на потребниот број на телефонски приклучоци, од првостепено значење е намената на објектот. Димензионирањето на телефонската мрежа треба да се изведе према сегашните и идните потреби на корисниците.

Начинот на изведба и поврзување на телефонските приклучоци, треба да биде извршено до најблиската автоматска реонска телефонската централа, а во согласност со АД "Македонски Телекомуникации" - Подружница Штип.

Биланс на површините во планирана состојба на супра и инфраструктурата

Просторот кој е предмет на разработка опфаќа површина од 15,0 ха. Во планот се предвидени следните намени:

(ПП) - производни погони; (КОН) - конфекции; (МАГ) - магацини; (АО) Административни објекти; (У,) - угостителство; (ПЕЧ)- печатница; (ПОР)- портирница; сообраќајни површини; паркинзи; зеленило.

Мерки за заштита

Мерки за заштита од загадување

Просторот што го зафаќа планот е на површина од 15,0 ха и е постојно индустиско јадро.

Бидејќи се работи за металопреработувачка и лесна индустија, загадување од индустриските капацитети нема, освен од технолошките постројки-котларници и плински станици.

Основен загадувач на просторот претставува постоењето на моторен сообраќај .Имајќи ја оваа состојба во предвид, може да се изврши поделба на две основни групи на загадувања со дадени основни смерници и мерки за заштита на истите:

- аерозагадување и мерки за заштита
- загадување на почва и подземни води и мерки за заштита
- извори на бучава и мерки за заштита

а. Аерозагадување и мерки на заштита

Во сегашната состојба како загадувачи на воздухот се јавуваат издувните гасови од возилата и камионите кои се движат по постојните улици и внатре во комплексот.

За подобрување на квалитетот на воздухот во локалитетот, на сите слободни површини предвидени се зелени површини.

б. Загадување на почва и мерки за заштита

За цврстиот отпад се предвидува собирање во контејнери за отпадоци и нивно редовно евакуирање до депонија. Со тоа ќе се спречи загадување и на почвите и на подземните води, а со тоа и на животната и работна средина воопшто.

в. Извори на бучава и мерки на заштита

На локалитетот не се предвидени содржини кои би можеле да бидат извори на штетна бучава.

Мерки за заштита од пожар на објектите

Во објектите предвидени со планот во смисла на мерки на заштита од пожар, одреден број лица вршат некоја дејност редовно или времено и во кои

можат да престојуваат подолго или пократко време и други лица како на пример вработени, посетители, купувачи и други.

Сите објекти се лоцирани така да се пристапни за пожарните возила, а ширината на пристапот не смее да биде помала од 6,0 м. со што се овозможува лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето. Ивичњаците на пристапниот пат мора да бидат закосени поради лесен пристап на пожарните возила до објектот.

Со планирањето на хидрантската мрежа задоволени се сите мерки на превентива и заштита во случај на пожар. Планирањето и изработката на техничката документација треба да е во согласност со законот за заштита на пожар.

Надворешната хидрантска мрежа е збир на градежни објекти и уреди со кои водата од извор погоден за снабдување со вода, со цевоводи се доведува на хидрантските приклучоци кои непосредно се користат за гаснење на пожари или на нив се приклучуваат противпожарни возила.

За надворешната хидрантска мрежа е предвиден прстенаст систем на цевоводи, со минимален пречник Ф 80мм. На хидрантската водоводна мрежа со минимален профил од Ф 80 мм се поставуваат противпожарни хидранти чии приклучни цевоводи имаат пречник најмалку 80 мм. Хидрантите се поставени на меѓусебно растојание од 80 до 150 м. Притисокот во хидрантската мрежа не смее да биде понизок од 2,5 бара.

На растојание од 2.0 км постои ПП дом, па затоа не е потребно да се предвидува посебна противпожарна станица.

Мерки за заштита од воени разурнувања

Како посебен вид на заштита треба да се третира и засолништето кое треба да се предвиди во објектите како второстепена функција на некој простор доволно димензиониран по сите стандарди и лесно пристапен и адаптабилен за кус период.

Заштита од природни непогоди

Со оглед дека територијата е изложена на сеизмичко дејство со интензитет од девет степени по MCS скалата, потребно е применување на принципите на асеизмичко градење на објектите.

Густината на објектите односно нивното растојание е планирано во доменот за сеизмичкото проектирање со помали висини на објектите и со поголеми попречни профили на сообраќајниците, со што во случај на сеизмичко рушење може да се обезбеди проток на луѓе и возила.

ОСНОВНИ ПАРАМЕТРИ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Изградбата на нови објекти, изградбата на комуналните објекти и инсталации како и вкупното просторно уредување на предметниот локалитет треба да се изведува согласно законската и подзаконската регулатива, техничките прописи во областа на градежништвото и урбанизмот како и овие параметри што се составен дел на документацијата.

1. Основен, а воедно и доминантен вид на градба во работната зона се погоните за индустриско производство, од јавните објекти администрација но во функција на производните погони.
2. Параметрите во однос на процентот на изграденост, како и на коефициентот на искористување на земјиштето се во рамките на предвидените со Правилникот и се дадени во табелата во синтезниот графички прилог за секоја парцела одделно.

3. Во архитектонското обликување на објектите покрај наменските, функционалните, климатските, геомеханичките, сеизмичките, и другите микролокациски услови, треба да води сметка за специфичностите на прирачните градежни материјали и традиционалните вредности и културата во градењето. Покрај императивните услови кои произлегуваат од дозволените граници на изградба, во компонирање на фасадите треба да се тежнее кон нивно максимално усогласување со соседните објекти со композициските линии на соседите, но сепак со максимално почитување на индивидуалноста на сопственикот и креативноста на архитектот. Максималните висини на предвидените објекти се дадени поодделно за секој објект.

4. Формата и висината на крововите се определува во зависност од предложената архитектура на дадениот објект и од намената на истиот.

5. Висината на кровот во целост отстапува од максималната или дозволената висина на изградба. Таа се дефинира како висина на слеме (највисока точка на кровот) и се изразува во должни метри. Од висината на слемето отстапуваат само линијските вертикални технолошки инсталации.

6. Покрај производните погони предвидени се и објекти од угостителство како составен дел на потребите за работната зона, а се според важечките нормативи и правилници.

7. Потребите за стационарен сообраќај (паркирање) ќе се решаваат на веќе изградениот јавен паркинг-простор за таа намена надвор од границите на поранешна "Метална" и новопредвидениот паркинг-простор паралелно со бул. "Гоце Делчев" како паркирање надвор од парцела за модул 1; останатиот дел потребни места за паркирање во модул 1 ќе се решаваат во сопствена парцела особено пред административните објекти према потребите и одредбите на Правилникот за стандарди и нормативи за планирање на просторот ("Сл.весник. на РМ", бр. 02/02 и 50/03). Во модул 2 за паркирање надвор

од парцелата е предвидена паралелна сервисна улица со бул. "Гоце Делчев", а останатото потребно паркирање да биде решено внатре во парцелите. Услов што треба да биде исполнет при издавање на одобрение за изградба е обезбедување на паркирање на потребениот број возила во рамките на парцелата односно објектот.

8. При изградба на нови објекти и содржини во просторот се применуваат мерките за спречување на бариери во просторот односно се овозможува непречено движење на хендикепираните особи особено во делот на достапноста до јавните објекти.

9. Рекламите и огласите не смеат да му пречат на нормалното одвивање на сообраќајот, да му штетат или да го менуваат изгледот на архитектонските објекти и групации ниту да пречат на објектите поставени во јавен интерес како јавно осветлување, градски часовници, табли со имиња на улиците и сл.

10. Условите за изградба на сите предвидени објекти треба да содржат и посебни услови за изведба на приклучоците или уредите за снабдување со вода, електрична енергија, телефонија и одводнувањето на отпадните води.

11. При оформување на содржините се применуват соодветни мерки за заштита на елементите на животната средина, оформување на зеленило при уредувањето на дворните места на јавните објекти и објектите за производство, а во зоната на сообраќајниците линеарното зеленило и другите слободни простори како парковско зеленило.

12. Сметот ќе се одлага во заеднички контејнери лоцирани на погодни места во рамките на урбаниот опфат со посебна заштита со мрежа околу нив заради заштита од разнесување на текстилниот и другиот вид отпад.

13. Локациите на заедничките контејнери мораат да бидат достапни за возилата за подигање на контејнерите и уредени во согласност со оној што ќе го евакуира ѓубрето во регионална односно општинска депонија.

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА

ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА Г.П. 15.1 И Г.П. 15.2 ОД Г.П. 15 ОД ДУП ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД „ИНДУСТРИСКА ЗОНА“-2, ДЕЛ ОД УБ.52 И 53, УМ.1 И 2, КО ШТИП 1, ОПШТИНА ШТИП
УРБАНИСТИЧКО ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

ВОВЕДЕН ДЕЛ

Општи информации

Овој Урбанистички проект со план за парцелација е изработен согласно член 63 став (1) и (2) од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25) и член 57, 59, 60 и 61 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25 и 241/25).

ПРОЕКТНАТА ПРОГРАМА, **ИЗВОД ОД ПЛАН бр. 1017 за ДУП ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД „ИНДУСТРИСКА ЗОНА“-2, ДЕЛ ОД УБ.52 И 53, УМ.1 И 2, КО ШТИП 1, ОПШТИНА ШТИП (Одлука бр. 0701-2309/1 од 11.08.2006 год. и Одлука бр. 08-4255/1 од 11.07.2022 год.)** издаден од Секторот за урбанизам, уредување на градежно земјиште, комунални работи и заштита на животната средина при Општина Штип под бр. 18-5413/2 од 18.08.2025 година **претставуваат основа за изготвување на УП со план за парцелација за формирање на две посебни градежни парцели ГП 15.1 со намена Е1.8 – Трансформаторски станици и подстаници и ГП 15.2 со намена Г2.4 – Згради од текстилната индустрија кои се формирани согласно урбанистичката парцела ГП 15 од важечки ДУП кој е даден во прилог со проектната документација. Аритметички збир на двете посебни парцели ГП 15.1 и ГП 15.2 е еднаков на површината на градежната парцела ГП 15 и нивниот аритметички збир на површините за градење не ја надминува површината за градење предвидена во ГП 15 од важечки ДУП ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД „ИНДУСТРИСКА ЗОНА“-2, ДЕЛ ОД УБ.52 И 53, УМ.1 И 2, КО ШТИП 1, ОПШТИНА ШТИП (Одлука бр. 0701-2309/1 од 11.08.2006 год. и Одлука бр. 08-4255/1 од 11.07.2022 год.).**

Нумеричките показатели во Урбанистичкиот Проект се утврдени по сегашната актуелна состојба со извршени преклопувања со катастарските планови и евентуалните разлики што постојат се минимализирани и се оправдани.

Урбанистички проект со план за парцелација е изработен согласно член 57 од Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25 и 143/25). Начинот на формирање на новите градежни парцели е во согласност со член 95 од Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25 и 241/25). Намената на новоформираните градежни парцели е соодветна со намената од Извод од ДУП.

ИЗВОД ОД ДУП ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД „ИНДУСТРИСКА ЗОНА“-2, ДЕЛ ОД УБ.52 И 53, УМ.1 И 2, КО ШТИП 1, ОПШТИНА ШТИП

Со Одлука бр. Одлука бр. 0701-2309/1 од 11.08.2006 год. и Одлука бр. 08-4255/1 од 11.07.2022 год. е одобрен ДУП ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД „ИНДУСТРИСКА ЗОНА“-2, ДЕЛ ОД УБ.52 И 53, УМ.1 И 2, КО ШТИП 1, ОПШТИНА ШТИП.
Врз основа на Извод од ДУП изработен е овој УП со план за парцелација за формирање на две градежни парцели ГП 15.1 со намена Е1.8 – Трансформаторски станици и подтаници и ГП 15.2 со намена Г2.4 – Згради од текстилната индустрија.

Нумеричките показатели во Урбанистичкиот Проект се утврдени по сегашната актуелна состојба со извршени преклопувања со катастарските планови и евентуалните разлики што постојат се минимализирани и се оправдани.

1. ПРОЕКТНА ПРОГРАМА

Согласно барањата на инвеститорот во ПРОЕКТНАТА ПРОГРАМА, предмет на овој документ е изработка на **УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА Г.П. 15.1 И Г.П. 15.2 ОД Г.П. 15 ОД ДУП ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД „ИНДУСТРИСКА ЗОНА“-2, ДЕЛ ОД УБ.52 И 53, УМ.1 И 2, КО ШТИП 1, ОПШТИНА ШТИП.**

За изработка на урбанистички проект со план за парцелација изработена е **Проектна програма** во која се посочуваат основни определби **за формирањето на две градежни парцели согласно член 63 став (1) и став (2) од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), кои се формираат по градежната парцела ГП 15 од ДУП ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД „ИНДУСТРИСКА ЗОНА“-2, ДЕЛ ОД УБ.52 И 53, УМ.1 И 2, КО ШТИП 1, ОПШТИНА ШТИП, со што полесно ќе се реализираат понатамошни развојни планови на инвеститорот.**

Проектната програма е документ врз основа на кој е изработен овој УП и е приложен заедно со барањето на сопственикот на градежното земјиште до Комисијата за урбанизам на општина Штип за одобрување на изработка на УП со план за парцелација.

Урбанистичкиот проект е изработен во согласност со Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25 и 241/25).

2. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА СНИМЕН ИЗГРАДЕН ГРАДЕЖЕН ФОНД, ВКУПНА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА И КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА ВО РАМКИ НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ

При изработката на **УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА Г.П. 15.1 И Г.П. 15.2 ОД Г.П. 15 ОД ДУП ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД „ИНДУСТРИСКА ЗОНА“-2, ДЕЛ ОД УБ.52 И 53, УМ.1 И 2, КО ШТИП 1, ОПШТИНА ШТИП** извршена е инвентаризација на предметниот простор.

Во проектниот опфат на овој урбанистички проект, односно во границите на градежните парцели има изградена инфраструктура.

Градежен фонд

Во проектниот опфат на овој урбанистички проект има постојни изградени објекти со намена Б4 – Деловни простории, Г2 – лесна и незагадувачка индустрија, Г4 – Стоваришта и Е1.8 - трафостаница. Сите постојни објекти се во добра состојба и со утврден правен статус. Инвентаризација на изграден градежен фонд е прикажано во табела бр. 1

КП	Број на објект	Класа на намена	Намена на објект	Катност на објект	Површина на градба m2	Конструктивен систем	Квалитет на градба
1338	1	Б4	Деловни простории	П+1	3742	СК	Добра
	2	Б4	Деловни простории	П	260	СК	Добра
	3	Б4	Деловни простории	П	155	СК	Добра
	4	Б4	Деловни простории	П	104	СК	Добра
	5	По	Помошен објект	П	37	СК	Добра
	6	Б4	Деловни простории	П	34	СК	Добра
	7	Б4	Деловни простории	П	6	СК	Добра
	8	Б4	Деловни простории	П	16	СК	Добра
	9	Г4	Стоваришта	П	156	СК	Добра
	10	По	Помошен објект	П	10	СК	Добра
1339	11	Е1.8	Трансформаторска станица	П	5	СК	Добра
1337/2	12	Г2	Лесна и незагадувачка индустрија	П	129	СК	Добра
			ВКУПНО:		4654		

Табела бр.1

Сообраќај и комунална инфраструктура:

Проектниот опфат од југоисточна страна граничи со постојна улица “Гоце Делчев”. Постојниот влез е од истата улица од југоисточна страна на парцелата. Во самиот опфат има внатрешни асфалтирани и земјени улици за пристап до постојните објекти.

Податоци и информации од институции

ЕВН Скопје

Согласно добиените податоци од ЕВН (допис бр. 10-24/2-262 од 28.07.2025 година) во проектниот опфат **постои 10(20)кV подземна мрежа, 10(20)/0.4кV трафостаница и за истите е даден графички прилог.**

ТЕЛЕКОМ АД СКОПЈЕ

Согласно добиените податоци од Телеком АД Скопје (допис бр. 73656 од 25.07.2025 година) е констатирано дека во проектниот опфат нема посојна МКТ инфраструктура.

МЕПСО

Согласно добиените податоци од МЕПСО (допис бр. 11-4406 од 28.07.2025 година) е констатирано дека проектниот опфат **не се пресекува** со ЕЕ Објекти во сопственост на АД МЕПСО.

ЈП ИСАР - ШТИП

Согласно добиените податоци од ЈП Исар - Штип (допис бр. 15-258/2 од 05.08.2025 година) е констатирано дека во проектниот опфат има постоечки инсталации на водовод и фекалната канализација на пристапната улица и приклучоци за објектите и истите се дадени во графички прилог.

АД ВОДОСТОПАНСТВО НА РСМ

Согласно добиените податоци од АД Водостопанство на РСМ (допис бр. 11-2648/3 од 01.08.2025 година) е констатирано дека во проектниот опфат нема водостопанска инфраструктура.

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРЕНОС НА ПРИРОДЕН ГАС “НОМАГАС” СКОПЈЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ

Согласно добиените податоци од НОМАГАС - Скопје, со допис бр. 08-3404/2 од 25.07.2025 година, констатирано е дека на предметниот плански опфат нема изградено ниту планирано гасоводна мрежа.

Дирекција за заштита и спасување – Подрачно одделение за ЗиС Штип

Согласно добиените податоци од Дирекцијата за заштита и спасување Подрачно одделение Штип (допис бр. 09-198/2 од 12.08.2025 год.), ДЗС-ПОЗиС Штип на предметниот плански опфат нема планирано свои објекти и инсталации, заради што нема пречки во нивните услови за планирање на просторот. Исто така ДЗС достави мерки за заштита и спасување со цел истите да се вградат во изработката на проектот, и тоа:

1. Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи;
2. Заштита и спасување од урнатини;
3. Заштита и спасување од поплави, уривање на брани и други атмосферски непогоди; и

4. Заштита и спасување од свлекување на земјиштето.

Горе наведените мерки потребно е да се разработат и вградат во проектната документација и истата да се достави на мислење до Дирекцијата за заштита и спасување- Подрачно одделение за ЗиС Штип.

Министерство за култура – Управа за заштита на културното наследство

Согласно добиените податоци од УЗКН (допис бр.17-2767/2 од 12.08.2025) во проектниот опфат нема заштитени добра, ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.

Доколку при реализација на проектот се појави археолошко наоѓалиште треба да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 20/19, 3/25 и 160/25).

Јавно претпијатие зажелезничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје

Согласно добиените податоци од ЈПЖРСМ-Скопје (допис бр. 20-3117/2 од 04.08.2025 година) проектниот опфат се наоѓа надвор од заштитниот појас на железничката пруга, на предметната локација нема планирани и постојни инсталации и објекти кои се во сопственост на ЈПЖРСМ-Скопје

3. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРОЕКТНИОТ КОНЦЕПТ НА УРБАНИСТИЧКОТО РЕШЕНИЕ ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА

Просторот дефиниран за изработка на Урбанистичкиот проект со план за парцелација се наоѓа во опфатот на ДУП ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД „ИНДУСТРИСКА ЗОНА“-2, ДЕЛ ОД УБ.52 И 53, УМ.1 И 2, КО ШТИП 1, ОПШТИНА ШТИП (Одлука бр. 0701-2309/1 од 11.08.2006 год. и Одлука бр. 08-4255/1 од 11.07.2022 год.). Во предметниот проектен опфат од постоечката ГП 15 од важечкиот ДУП предвидено е формирање на две градежни парцели, ГП 15.1 со намена Е1.8 – Трансформаторски станици и подстаници и ГП 15.2 со намена Г2.4 – Згради од текстилната индустрија.

Формирањето на градежните парцели со овој УП произлегува од специфичното барање и потребата на Инвеститорот, односно потребно е формирање на ГП 15.1 со намена Трансформаторски станици и подстаници поради постоечка трафостаница ТС 10(20)/0,4кВ, а изработен е согласно општите одредби дадени во Изводот од ДУП ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД „ИНДУСТРИСКА ЗОНА“-2, ДЕЛ ОД УБ.52 И 53, УМ.1 И 2, КО ШТИП 1, ОПШТИНА ШТИП (Одлука бр. 0701-2309/1 од 11.08.2006 год. и Одлука бр. 08-4255/1 од 11.07.2022 год.) со кој се спроведува урбанистичкиот проект со план за парцелација во чиј проектен опфат се појавува потреба од две градежни парцели и тоа ГП 15.1 и ГП 15.2, согласно потребите на инвеститорот (член 63 став (1)) со овој УП.

Важечкиот ДУП е изработен на застарени геодетски подлоги и фактичката состојба не одговара во целост со катастарските планови.
Нумеричките показатели во Урбанистичкиот Проект се утврдени по сегашната актуелна состојба со извршени преклопувања со катастарските планови и евентуалните разлики што постојат се минимализирани и се оправдани.

Површината на градежната парцела ГП15 според ДУП изнесува 17317,37 м2

Површината на новиот проектен опфат изнесува 17317,09 м2

Проектниот опфат од југозападна страна граничи со ГП 14, од југоисточната страна граничи со ул. “Гоце Делчев-крак”, од североисточна страна граничи со дел од КП 1337/1 КО Штип 1 и од северозападната страна граничи со ГП 17.

Пристапот до новоформираните градежни парцели ГП 15.1 и ГП 15.2 е овозможен од југоисточната страна преку планираната ул. „ Гоце Делчев-крак“ согласно Изводот од ДУП.

Површина на градежната парцела согласно ДУП:
Површината на градежна парцела ГП 15 изнесува 17317,37м2, со површина за градба од 5315,68 м2 и вкупна бруто површина од 10619,96 м2.

Овие податоци се прикажани во табела бр.2.

НУМЕРИЧКИ ПОДАТОЦИ согласно ДУП												
Градежна парцела	Класа на намена	Површина на парцела (m2)	Нумерација на површина за градење	Намена на површина за градење	Површина за градење / м2	Бруто изградена површина / м2	Висина до венец (м')	Катност	Коефициент на искористеност	Процент на изграденост	Паркирање во ГП	Паркирање надвор од ГП
ГП 15	ФАБРИКА ЗА ЧЕВЛИ	17317,37	1	производен погон и магацин	4771,9	9543,8	9,5	П+1	0,61	31%	30,00	30,00
			2	управна зграда	376,38	752,76	7	П+1				
			3	котлара	156	312	7	П+1				
			4	портирница	11,4	11,4	3,5	П				
				ВКУПНО	5315,68	10619,96						

Табела бр. 2

Согласно барањата на инвеститорот со овој УП со план за парцелација на ГП 15, согласно член 63 став (1) и став (2) од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), од една градежна парцела се формираат две градежни парцели и тоа: ГП 15.1 со намена Е1.8 – Трансформаторски станици и подстаници и ГП 15.2 со намена Г2.4 – Згради од текстилната индустрија. **Површината на новоформираната ГП 15.1 изнесува 75,97 м^2. Површината на новоформираната ГП 15.2 изнесува 17241,12 м^2. Вкупна површина на двете новоформирани ГП изнесува 17317,09 м^2 со што не се нарушуваат урбанистичките параметри дадени со ДУП. Разликата во површини е заради мигрирање на катастарската подлога.**

Новоформираната **ГП 15.1** е со основна класа на намена:

- **Е1.8 – Трансформаторски станици и подстаници**

Новоформиранат **ГП 15.2** е со основна класа на намена:

- **Г2.4 – Згради од текстилната индустрија**

Границите на градежните парцели се дефинирани согласно границата на постојната ГП 15 и новопланираната граница помеѓу двете новопланирани градежни парцели. Дефинирана е површина за градба со градежни линии, со максимална висина и катност, при тоа водејќи сметка да не се зголеми вкупната површина за градба, максималната дозволена висина до хоризонтален венец, процентот на изграденост и коефициентот на искористеност од оние зададени во ДУП за ГП 15.

Во табела 3 се прикажани нумеричките податоци за ГП 15.1 и ГП15.2 согласно УРБАНИСТИЧКИОТ ПРОЕКТ ЗА ПРЕПАРЦЕЛАЦИЈА.

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА УРБАНИСТИЧКИ ПАРАМЕТРИ СОГЛАСНО УП											
Градежна парцела	Класа на намена	Површина на парцела (m2)	Нумерација на површина за гардење	Намена на површина за гардење	Површина за градење / м2	Бруто изградена површина (м2)	Макс. број на катови	Висина до венец (м')	Процент на изграденост	Коефициент на искористеност	Паркирање
ГП 15.1	**Е1.8 -** Трансформаторски станици и подстаници	75,97	/	/	40,00	40,00	П	4,5	53%	0,53	Во ГП
ГП 15.2	**Г2.4 -** Згради од текстилната индустрија	17241,12	1	производен погон и магацин	4733	9466	П+1	9,5	31%	0,55	30п.м. во ГП; 30 п.м. надвор од ГП
			2	управна зграда	376,23	752,46	П+1	7			
			3	котлара	156	312	П+1	7			
			4	портирница	11,4	11,4	П	3,5			
ВКУПНО		17317,09			5316,63	10581,86			31%	0,61	

Табела бр. 3

Вкупната површина на проектниот опфат, изнесува **17317,09m2**.

